Врз основа на член 5 од Правилникот за избор на истакнат наставник и стручен соработник во ООУ „Ацо Шопов“ Бутел, Скопје, број 01-561/2 од 18.09.2025 година, ООУ „Ацо Шопов“ Бутел, Скопје објавува:

# ***К О Н К У Р С***

***за пријавување на кандидати за истакнат наставник и стручен соработник во учебната 2024/2025 година***

***1.*** Комисијата за рангирање на истакнат наставник и стручен соработник објавува Конкурс за пријавување на кандидати за истакнат наставник и стручен соработник во учебната 2024/2025 година со цел да се оддаде признание за постигнатите успеси на наставниците и стручните соработници во нивната работа и позитивно да се стимулира развивањето и унапредувањето на воспитно — образовната работа преку наградување и пофалување.

***2.*** Конкурсот ќе трае 3 (три) денови од денот на неговото објавување.

***3.*** Кон пријавата кандидатот треба да достави соодветни докази како би ја поткрепил својата пријава (сертификати, потврди, дипломи, листа за присуство, договор за учество во проект, извештаи, благодарници, потврди за учество и слично).

***4.*** При бодувањето ќе се земат во предвид само активности (и докази за истите) кои кандидатот ги остварил во текот на учебната година за која се однесува конкурсот, учебна **2024/2025 година**.

***5.*** Комисијата врши бодување на кандидатите во согласност со Правилникот за избор на истакнат наставник и стручен соработник и подготвува ранг-листа на кандидати. Кандидатот со најголем број на поени се прогласува за „Истакнат наставник/стручен соработник на годината“.

***6.*** Пријавите на кандидатите со соодветна документација треба да се доставaт во архивата на ООУ „Ацо Шопов“ Бутел, Скопје со назнака „за Конкурс за истакнат наставник/стручен соработник“.

***Комисија за рангирање на истакнат наставник и стручен соработник***